Хидрауличката анализа на предвидениот попречен профил на корито на Дренска Река село Беловодица, општина Прилеп е извршена за меродавните протекувања и тоа за води со повратен период Т=2 години и Т=100 години.

За Дренска Река предвиден е напречен профил со трапезно речно корито.

Влезни параметри за хидрауличка анализа на регулираното корито се:


- $Q_{50\%}$=0,01m^3/s проток со појава еднаш на две години
- $Q_{1\%}$=0,51m^3/s проток со појава еднаш на сто години
- n=0,028 рапавина за регулираното корито од камен во цементен малтер
- B=1.0m ширина на коритото во дното кај регулирано корито
- m=1:1,5 наклон на косините на регулирано речно корито
- J=3.0 ‰ подолжен пад на регулирано речно корито
- $h_{заш.}$=0,60m заштитна висина на регулацијата

При евакуација на големите води на разгледуваниот профил течењето се одвива низ главното корито. Пресметките за капацитетот се изведени графички и табеларно и се дадени во Табела 6. и Слика 3.



Сл. 3 Графички приказ на зависност Q-h

ХИДРАУЛИЧКА ПРЕСМЕТКА
Дренска река
$Q_{1\%}$=0,51 [m3/sek]



h=	се бара
b=	1.00
n=	0.028
i=	0.0030
ml=	1.5
md=	1.5
msr=	1.5

чекор=	0.50
g=	9.81
α=	1.00

dH=	0.60	(m)	- кинетичка енергија
H=h+dH	1.00	(m)	- вкупна енергија на текот
Hkr.=	0.26	(m)	- МИРЕН ТОК
Jkr.=	0.015	%	- J>Jкр.
Fr.=	0.22		- Фрудов број

h	b	B	A	O	R	C	V	Q	Hkr15	Jk	Fr.
0.00	1.00	1.00	0.00	1.00	0.00	0.00	0.00	0.000	0.00	0.0000	0.00
0.50	1.00	2.50	0.88	2.80	0.31	29.42	0.90	0.788	0.33	0.0139	0.24
1.00	1.00	4.00	2.50	4.61	0.54	32.26	1.30	3.254	0.72	0.0117	0.28
1.50	1.00	5.50	4.88	6.41	0.76	34.12	1.63	7.947	1.13	0.0105	0.31
2.00	1.00	7.00	8.00	8.21	0.97	35.56	1.92	15.380	1.55	0.0097	0.33
2.50	1.00	8.50	11.88	10.01	1.19	36.74	2.19	26.025	1.97	0.0091	0.35
3.00	1.00	10.00	16.50	11.82	1.40	37.76	2.44	40.322	2.41	0.0087	0.37
3.50	1.00	11.50	21.88	13.62	1.61	38.65	2.68	58.687	2.84	0.0083	0.39
4.00	1.00	13.00	28.00	15.42	1.82	39.45	2.91	81.514	3.28	0.0079	0.40
4.50	1.00	14.50	34.88	17.22	2.02	40.17	3.13	109.182	3.73	0.0076	0.42
5.00	1.00	16.00	42.50	19.03	2.23	40.83	3.34	142.055	4.17	0.0074	0.43
5.50	1.00	17.50	50.88	20.83	2.44	41.45	3.55	180.485	4.62	0.0072	0.44
0.40	1.00	**2.20**	**0.64**	**2.44**	**0.26**	**28.57**	**0.80**	0.513	**0.26**	**0.0146**	**0.22**

Табела 6 Табеларна пресметка за конструкција на криви на проток за регулирано речно корито – Дренска Река

Змерски Поток

Хидрауличката анализа на предвидениот попречен профил на корито на Змерски Поток село Беловодица, општина Прилеп е извршена за меродавните протекувања и тоа за води со повратен период Т=2 години и Т=100 години.
За Змерски Поток предвиден е напречен профил со трапезно речно корито.

Влезни параметри за хидрауличка анализа на регулираното корито се:

- $Q_{50\%}$=0,02m^3/s проток со појава еднаш на две години
- $Q_{1\%}$=0,61m^3/s проток со појава еднаш на сто години
- n=0,028 рапавина за регулираното корито од камен во цементен малтер
- B=1.0m ширина на коритото во дното кај регулирано корито


- m=1:1,5 наклон на косините на регулирано речно корито
- J=3.0 ‰ подолжен пад на регулирано речно корито
- $h_{заш.}$=0,56m заштитна висина на регулацијата

При евакуација на големите води на разгледуваниот профил течењето се одвива низ главното корито. Пресметките за капацитетот се изведени графички и табеларно и се дадени во Табела 7. и Слика 4.



Сл. 4 Графички приказ на зависност Q-h

ХИДРАУЛИЧКА ПРЕСМЕТКА
Змерски Поток
$Q_{1\%}$=0,61 [m3/sek]



h=	се бара
b=	1.00
n=	0.028
i=	0.0030
ml=	1.5
md=	1.5
msr=	1.5

чекор=	0.50
g=	9.81
α=	1.00

dH=	0.56	(m)	- кинетичка енергија
H=h+dH	1.00	(m)	- вкупна енергија на текот
Hkr.=	0.29	(m)	- МИРЕН ТОК
Jkr.=	0.014	%	- J>Jкр.
Fr.=	0.23		- Фрудов број

h	b	B	A	O	R	C	V	Q	Hkr15	Jk	Fr.
0.00	1.00	1.00	0.00	1.00	0.00	0.00	0.00	0.000	0.00	0.0000	0.00
0.50	1.00	2.50	0.88	2.80	0.31	29.42	0.90	0.788	0.33	0.0139	0.24
1.00	1.00	4.00	2.50	4.61	0.54	32.26	1.30	3.254	0.72	0.0117	0.28
1.50	1.00	5.50	4.88	6.41	0.76	34.12	1.63	7.947	1.13	0.0105	0.31
2.00	1.00	7.00	8.00	8.21	0.97	35.56	1.92	15.380	1.55	0.0097	0.33
2.50	1.00	8.50	11.88	10.01	1.19	36.74	2.19	26.025	1.97	0.0091	0.35
3.00	1.00	10.00	16.50	11.82	1.40	37.76	2.44	40.322	2.41	0.0087	0.37
3.50	1.00	11.50	21.88	13.62	1.61	38.65	2.68	58.687	2.84	0.0083	0.39
4.00	1.00	13.00	28.00	15.42	1.82	39.45	2.91	81.514	3.28	0.0079	0.40
4.50	1.00	14.50	34.88	17.22	2.02	40.17	3.13	109.182	3.73	0.0076	0.42
5.00	1.00	16.00	42.50	19.03	2.23	40.83	3.34	142.055	4.17	0.0074	0.43
5.50	1.00	17.50	50.88	20.83	2.44	41.45	3.55	180.485	4.62	0.0072	0.44
0.44	1.00	**2.32**	**0.73**	**2.59**	**0.28**	**28.93**	**0.84**	0.615	**0.29**	**0.0143**	**0.23**


Табела 7 Табеларна пресметка за конструкција на криви на проток за регулирано речно корито – Змерски Поток

IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Согласно спроведените анализи за предложените попречни пресеци со кој треба да се регулираат речните корита на Дренска Река и Змерски Поток кои надвор од овој опсег ја формираат Бела Река, во продолжение следат заклучоци и препораки за следни активности.

- Усвоените големи води наложуваат избор на попречен пресек со трапезно речно корито.
- Коритото се предложува да биде со ширина b=1.0m, висина од H=1.0m и симетрични косини од 1:1,5.
- Усвоената голема вода $Q_{50\%}$=0,02m^3/s со веројатност на појава од T=2 години конторлирано минува низ коритото.

- Усвоената голема вода $Q_{1\%}$=0,61.0m^3/s со веројатност на појава од T=100 години конторлирано минува низ целиот пресек на трапезното речно корито.
- Предлог попречниот пресек графички е прикажан на Сл.5



Сл. 5 Предлог попречен пресек за регулација на Змерски Поток

- Во наредна фаза, се препорачува детално да се проанализираат хидролошките појави за сливот на Дренска Река и Змерски Поток кои надвор од овој опсег ја формираат Бела Река и да се усвојат големите води.
- Да се изготви детална геодетска ситуација.
- Да се извршат теренски истраги, хидрометрсики мерења, лабораториски испитувања долж коритото на Дренска Река и Змерски Поток.
- Да се изработи комплетна хидрауличка анализа за природно и регулирано речно корито.
- Да се анализира и да се контролира речниот нанос при уредено речно корито.
- Имајќи ги предвид морфолошките и топографските услови да се усвои оптимален попречен пресек за регулирање на речното корито.
- Да се почитуваат сите норми и регулативи при изработка на идните проектно/технички документации како и при градба на регулацијата.

Составил,

Елена Максимовска д.г.и.

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

Podela
Turski grobišta
Sumarci
Bazovec
Ramna buka
Pukanička r.
Lazevi
Kalovica
Dupeni ke
Leska
Dujgas
Glava
1064
Radešine
Kamberica
Tumba
Saber
Prisoj
Valavica
Bela r.
Diaboski dol
Badimazdina
Trajanovo češmiče
Vodni nivje
Sv. Đorđe
Livade
Ramna buka
Diaboka r.
Sokol
Igralište
Belovodica
1
Pulka
Kivirid
Veprcka skrka
Markovi kuli
1510
Usi
Skrčica
Studenica
2
Kovčegar
Kamena strega
Tudeva niva
Ligurasa
Golina
Sivi kamen
Kovilen
1050
Sivi kamen
Skrčanina
Kmetko
Studenica
Svagiter
Diaboski dol
Orev dol
Gradište
Bela r.
Dramsko
Veprcka skrka
Markovi kuli
Sivi kamen
Kovilen
Sivi kamen
Skrčanina

	ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЋАЈ И ЕКОЛОГИЈА
Инвеститор: ОПШТИНА ПРИЛЕП	
СТУДИЈА ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА, БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП	
Цртеж: ПРЕГЛЕДНА КАРТА НА СЛИВНА ПОВРШИНА ЗА ДРЕНСКА РЕКА И ЗМЕРСКИ ПОТОК	ВК
Одговорен проектант: ЕЛЕНА МАКСИМОВСКА дги	
Соработници:	
Управител: НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА дги	Размер: 1:25000
Техн. број: 49/1	Дата: ОКТОМВРИ 2020 / Лист број: 01

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

с.БЕЛОВОДИЦА

Б1 Б2 Б3 Б4 Б5

Село

Легенда :

- граница на градежен опфат
- граница на кп
- 570/2 број на КП
- новоизградени објекти
- станбен објект
- верски објект - црква
- 782.900 апсолутна кота на терен
- столбен трансформатор
- падни линии
- деловен објект
- базен
- ПТТ пошта
- пасиште класа 4
- дворно место
- нива класа 4
- знак за припадност
- В Р Б А место викано
- водотек
- јавен пат
- нива класа 4
- ливада класа 4
- електричен далекувод
- ШК школо
- црква

Изработил:
ГПС ПРЕМЕР ДООЕЛ - ПРИЛЕП

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАКАЈ И ЕКОЛОГИЈА

Инвеститор:
ОПШТИНА ПРИЛЕП

СТУДИЈА ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО СЕЛО БЕЛОВОДИЦА, БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП

Цртеж:
СИТУАЦИЈА — X

Одговорен проектант:
ЕЛЕНА МАКСИМОВСКА дги

Соработници:

Управител:
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА дги

Размер: 1:1000

Техн. број: 49/1

Дата: ОКТОМВРИ 2020

Лист број: 02


250

4
577
000

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

УСВОЕН НАПРЕЧЕН ПРЕСЕК НА РЕЧНО КОРИТО
ДРЕНСКА РЕКА
- ТРАПЕЗЕН ПРОФИЛ -

Q = 0.51 [m³/s]
B = 1.0 [m]
H = 1.0[m]
hk = 0.40[m]
Jk = 3‰




ЛИСТ БР. 03

PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT

УСВОЕН НАПРЕЧЕН ПРЕСЕК НА РЕЧНО КОРИТО
ЗМЕРСКИ ПОТОК
- ТРАПЕЗЕН ПРОФИЛ -

Q = 0.61 [m³/s]
B = 1.0 [m]
H = 1.0[m]
hk = 0.44[m]
Jk = 3‰



ЛИСТ БР. 04

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Планскиот опфат го опфаќа селото Беловодица, на подрачјето на КО Беловодица, Општина Прилеп.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

Планскиот опфат за предметниот Урбанистички план за село Беловодица со разработка на блок 2, КО Беловодица, Општина Прилеп, со површина од 14.50 ха, е дефиниран со следните граници:

На **север** границата на предметниот плански опфат започнува по границата на парцела 2039/1, па продолжува по границите на парцелите 2044, 2047, 2054, 2053, 2052, 2072, 2074, 2075, 2105, 2107, 2112 (пат), 2113, 2114, 2115, ја пресекува парцелата 1871, па продлжува по границите на парцелите 2117, 2118 , па ја пресекува 3412/2(река).

На **исток** ја пресекува парцелата 2155, потоа границата на опфатот продолжува по границите на парцелите 2144, 2150/1, 2150/5, 2154, 2162, 2167/2, 2168, 2170, 2174, 2173, 2183, продолжува по дел од границата на парцела 2186, па продолжува по границите на 2184, 2185, 2190 (пат), 2205, 2207, 2206, 2216, 2219, 2221, 2245 (пат), 2228, 2230, 2231, 2535, 2542(пат), 2514, 2513, 2512, 2504, 2500, 2498, 2497, 2496, 2492.

- На **југ** границата продолжува по границата на парцелата 2483, па ја пресекува парцелата 2479, па продолжува по границата на 2477, па ја пресекува парцелата 2476.

На **запад** границата продолжува по парцелите 2475, 2474, 2473, 2472, 2471, 2470, 2453, 2422, 2472, 2428, 2434, 2435, 2437, 2388, 2389, 2390, 2392/1, 2392/2, 2396, 2395, 2397, 2398, 2400, 2401, 2402, 2386, 2330, 3421/2(река), 2322, 2319, 2312, 2310, 2309, потоа ја пресекува 2246 (пат) и продолжува по границата на 2039/1 од каде што и започна опфатот.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

точка	X=4577336.6800	Y=7559362.4500
точка	X=4577354.8300	Y=7559350.7600
точка	X=4577363.5000	Y=7559351.7000
точка	X=4577372.8914	Y=7559360.3998
точка	X=4577375.5832	Y=7559362.6971
точка	X=4577381.1300	Y=7559359.6600
точка	X=4577385.1600	Y=7559355.0950
точка	X=4577387.7398	Y=7559352.1727
точка	X=4577388.9896	Y=7559350.6155
точка	X=4577400.3047	Y=7559358.5189
точка	X=4577411.6197	Y=7559366.4223
точка	X=4577415.3048	Y=7559360.4958
точка	X=4577420.2400	Y=7559351.6700
точка	X=4577417.6200	Y=7559343.9600
точка	X=4577419.8400	Y=7559338.6500
точка	X=4577421.8491	Y=7559334.2874
точка	X=4577423.2297	Y=7559330.8211
точка	X=4577423.2800	Y=7559330.5600
точка	X=4577423.1700	Y=7559328.0700
точка	X=4577425.3700	Y=7559324.0300
точка	X=4577428.0800	Y=7559319.0500
точка	X=4577429.2600	Y=7559314.6200
точка	X=4577429.6300	Y=7559311.9500
точка	X=4577434.2100	Y=7559304.8300
точка	X=4577438.6400	Y=7559297.5700
точка	X=4577441.2518	Y=7559293.3037
точка	X=4577440.2586	Y=7559289.6409
точка	X=4577439.4800	Y=7559289.2400
точка	X=4577442.7000	Y=7559283.4600
точка	X=4577445.1600	Y=7559277.9100
точка	X=4577439.0300	Y=7559277.8200
точка	X=4577424.3700	Y=7559272.2500
точка	X=4577416.3500	Y=7559270.0200
точка	X=4577399.5100	Y=7559265.6800
точка	X=4577402.2500	Y=7559256.2500
точка	X=4577400.9100	Y=7559250.9400
точка	X=4577405.3400	Y=7559241.8800
точка	X=4577412.1200	Y=7559244.2900
точка	X=4577421.0500	Y=7559244.2600
точка	X=4577426.4900	Y=7559233.0600
точка	X=4577439.7200	Y=7559234.5200
точка	X=4577456.0600	Y=7559223.0300
точка	X=4577452.1400	Y=7559221.7900
точка	X=4577460.6900	Y=7559210.6900
точка	X=4577463.0100	Y=7559205.7300
точка	X=4577459.8700	Y=7559203.6500
точка	X=4577451.6300	Y=7559199.2000
точка	X=4577449.2900	Y=7559197.6200
точка	X=4577444.7100	Y=7559195.3400
точка	X=4577433.7100	Y=7559188.6500
точка	X=4577426.4900	Y=7559186.2500
точка	X=4577432.1600	Y=7559179.1200
точка	X=4577425.0400	Y=7559174.9500
точка	X=4577415.1500	Y=7559167.6500
точка	X=4577421.1300	Y=7559159.5600
точка	X=4577427.5920	Y=7559145.8673
точка	X=4577432.2190	Y=7559149.9819
точка	X=4577456.0200	Y=7559113.7100
точка	X=4577422.8600	Y=7559089.4500
точка	X=4577398.5011	Y=7559073.9600
точка	X=4577380.3763	Y=7559081.9280
точка	X=4577380.2600	Y=7559082.2400
точка	X=4577369.4000	Y=7559076.2800
точка	X=4577353.2500	Y=7559081.2400

точка	X=4577353.3900	Y=7559082.6200
точка	X=4577339.3000	Y=7559087.6000
точка	X=4577333.2300	Y=7559087.6900
точка	X=4577328.1700	Y=7559090.2300
точка	X=4577321.0100	Y=7559092.3900
точка	X=4577319.3100	Y=7559092.2700
точка	X=4577318.6416	Y=7559093.1045
точка	X=4577306.3900	Y=7559108.4000
точка	X=4577297.5700	Y=7559121.2000
точка	X=4577294.4200	Y=7559123.3500
точка	X=4577287.6700	Y=7559131.7000
точка	X=4577282.4900	Y=7559142.3700
точка	X=4577276.4900	Y=7559151.6400
точка	X=4577275.4600	Y=7559155.0400
точка	X=4577272.9400	Y=7559160.7500
точка	X=4577264.3900	Y=7559170.8300
точка	X=4577260.8950	Y=7559166.4100
точка	X=4577257.0886	Y=7559162.2381
точка	X=4577250.2454	Y=7559156.7760
точка	X=4577243.3687	Y=7559151.2871
точка	X=4577243.3900	Y=7559143.2000
точка	X=4577244.1100	Y=7559136.8900
точка	X=4577244.7500	Y=7559132.6700
точка	X=4577249.3700	Y=7559124.5300
точка	X=4577252.7700	Y=7559118.7500
точка	X=4577255.9700	Y=7559113.6200
точка	X=4577265.1600	Y=7559096.9100
точка	X=4577273.7000	Y=7559064.5900
точка	X=4577258.0900	Y=7559057.7300
точка	X=4577253.6200	Y=7559062.7700
точка	X=4577249.5200	Y=7559053.0500
точка	X=4577244.0700	Y=7559051.8400
точка	X=4577238.1100	Y=7559052.7500
точка	X=4577235.6300	Y=7559052.7300
точка	X=4577235.4197	Y=7559053.1608
точка	X=4577219.6400	Y=7559085.4900
точка	X=4577207.6800	Y=7559092.0200
точка	X=4577190.3200	Y=7559110.8400
точка	X=4577187.1200	Y=7559117.0600
точка	X=4577180.3900	Y=7559128.7300
точка	X=4577166.1000	Y=7559136.7600
точка	X=4577164.6100	Y=7559143.9500
точка	X=4577158.5800	Y=7559162.1900
точка	X=4577149.9700	Y=7559172.8000
точка	X=4577141.5900	Y=7559191.1700
точка	X=4577131.2600	Y=7559205.7900
точка	X=4577131.2100	Y=7559211.2100
точка	X=4577122.1700	Y=7559232.6800
точка	X=4577106.2700	Y=7559243.0200
точка	X=4577092.1800	Y=7559249.6000
точка	X=4577083.9800	Y=7559251.8700
точка	X=4577077.8900	Y=7559266.1400
точка	X=4577071.1800	Y=7559270.5500
точка	X=4577073.3800	Y=7559278.9300
точка	X=4577063.8300	Y=7559284.4800
точка	X=4577047.3400	Y=7559287.4700
точка	X=4577005.1500	Y=7559298.6000
точка	X=4576996.5500	Y=7559300.2300
точка	X=4576982.4800	Y=7559310.0600
точка	X=4576970.3200	Y=7559321.9500
точка	X=4576962.8400	Y=7559338.9200
точка	X=4576952.5100	Y=7559354.7700
точка	X=4576954.8300	Y=7559360.8600
точка	X=4576950.0200	Y=7559366.0100

точка	X=4576941.7400	Y=7559371.0800
точка	X=4576925.8900	Y=7559370.5600
точка	X=4576920.8900	Y=7559376.6500
точка	X=4576916.7900	Y=7559379.9900
точка	X=4576908.2900	Y=7559393.4300
точка	X=4576902.6383	Y=7559400.0899
точка	X=4576902.2534	Y=7559400.6945
точка	X=4576911.4700	Y=7559408.8000
точка	X=4576916.6712	Y=7559408.9655
точка	X=4576920.3619	Y=7559408.5866
точка	X=4576921.9018	Y=7559409.9991
точка	X=4576922.0367	Y=7559410.1228
точка	X=4576921.6900	Y=7559410.9500
точка	X=4576921.3593	Y=7559412.0515
точка	X=4576921.2897	Y=7559412.3146
точка	X=4576920.6829	Y=7559414.6094
точка	X=4576921.8892	Y=7559415.0379
точка	X=4576939.5652	Y=7559420.9877
точка	X=4576939.6565	Y=7559421.0189
точка	X=4576939.8100	Y=7559421.0000
точка	X=4576952.1400	Y=7559421.6200
точка	X=4576952.1490	Y=7559421.6253
точка	X=4576952.7670	Y=7559421.6515
точка	X=4576953.6278	Y=7559421.6881
точка	X=4576954.9536	Y=7559423.2702
точка	X=4576957.6300	Y=7559424.8400
точка	X=4576966.4100	Y=7559436.8900
точка	X=4576966.3963	Y=7559436.8971
точка	X=4576975.6491	Y=7559441.8641
точка	X=4576975.9300	Y=7559441.6900
точка	X=4576985.0100	Y=7559440.0250
точка	X=4576989.9674	Y=7559439.1160
точка	X=4576993.4372	Y=7559438.3704
точка	X=4576993.4425	Y=7559438.4787
точка	X=4576994.0900	Y=7559438.3600
точка	X=4576994.3400	Y=7559450.3200
точка	X=4576994.5200	Y=7559460.1800
точка	X=4576990.5700	Y=7559473.5600
точка	X=4576983.9700	Y=7559478.2300
точка	X=4576974.9000	Y=7559489.9500
точка	X=4576977.8700	Y=7559492.0800
точка	X=4576991.8879	Y=7559500.1877
точка	X=4577009.3294	Y=7559510.1495
точка	X=4577021.0365	Y=7559522.4422
точка	X=4577034.4072	Y=7559525.8232
точка	X=4577038.3328	Y=7559526.7817
точка	X=4577048.8700	Y=7559523.7200
точка	X=4577048.4116	Y=7559516.6047
точка	X=4577048.0496	Y=7559513.6721
точка	X=4577048.2227	Y=7559513.6721
точка	X=4577048.2000	Y=7559513.3200
точка	X=4577050.0400	Y=7559513.0600
точка	X=4577055.9400	Y=7559516.4800
точка	X=4577066.9850	Y=7559515.0650
точка	X=4577073.8262	Y=7559514.1886
точка	X=4577078.3103	Y=7559513.5286
точка	X=4577078.4513	Y=7559513.5665
точка	X=4577079.1900	Y=7559513.4200
точка	X=4577084.9427	Y=7559515.3080
точка	X=4577088.5945	Y=7559516.2877
точка	X=4577101.6650	Y=7559516.2877
точка	X=4577105.6908	Y=7559516.2877
точка	X=4577114.5365	Y=7559516.1200
точка	X=4577132.2082	Y=7559510.6509
точка	X=4577133.3100	Y=7559505.4200
точка	X=4577135.7800	Y=7559496.6500
точка	X=4577136.3492	Y=7559494.6290
точка	X=4577137.9822	Y=7559488.2533
точка	X=4577138.1220	Y=7559488.3346
точка	X=4577138.2500	Y=7559487.8800
точка	X=4577142.9200	Y=7559490.6200
точка	X=4577150.6400	Y=7559488.9100
точка	X=4577150.6246	Y=7559489.3773
точка	X=4577162.9847	Y=7559494.8270
точка	X=4577163.3800	Y=7559494.8700
точка	X=4577167.3000	Y=7559510.4500
точка	X=4577167.2351	Y=7559510.6066
точка	X=4577171.9600	Y=7559512.8400
точка	X=4577175.6700	Y=7559508.3000
точка	X=4577178.9684	Y=7559504.1498
точка	X=4577179.0015	Y=7559504.2232
точка	X=4577179.3800	Y=7559503.7600
точка	X=4577189.7600	Y=7559527.0600
точка	X=4577189.3700	Y=7559535.8100
точка	X=4577196.8400	Y=7559552.3400
точка	X=4577199.9600	Y=7559551.7500
точка	X=4577205.9500	Y=7559550.2700
точка	X=4577215.0900	Y=7559548.0000
точка	X=4577229.5800	Y=7559542.9300
точка	X=4577233.2800	Y=7559541.2700
точка	X=4577256.1400	Y=7559534.1400
точка	X=4577273.2100	Y=7559534.6800
точка	X=4577293.3500	Y=7559527.6700
точка	X=4577304.8400	Y=7559525.9200
точка	X=4577307.8800	Y=7559515.5000
точка	X=4577315.5300	Y=7559509.3500
точка	X=4577320.7200	Y=7559507.6000
точка	X=4577320.6700	Y=7559500.9100
точка	X=4577318.1100	Y=7559481.2100
точка	X=4577317.9000	Y=7559475.9900
точка	X=4577301.5900	Y=7559464.5100
точка	X=4577295.9800	Y=7559459.9600
точка	X=4577298.1200	Y=7559448.5800
точка	X=4577296.6700	Y=7559441.0600
точка	X=4577296.7000	Y=7559430.4700
точка	X=4577296.7900	Y=7559427.1500
точка	X=4577290.3200	Y=7559425.0200
точка	X=4577280.2100	Y=7559418.6200
точка	X=4577267.3600	Y=7559410.0900
точка	X=4577271.3600	Y=7559405.4500
точка	X=4577268.8600	Y=7559403.3900
точка	X=4577272.9100	Y=7559402.7900
точка	X=4577271.3200	Y=7559391.1400
точка	X=4577275.5200	Y=7559386.9900
точка	X=4577281.7900	Y=7559383.9000
точка	X=4577287.6400	Y=7559385.6000
точка	X=4577295.3200	Y=7559382.3400
точка	X=4577299.9500	Y=7559383.3200
точка	X=4577318.3300	Y=7559370.8800
точка	X=4577323.6000	Y=7559386.2900
точка	X=4577329.3600	Y=7559384.9100
точка	X=4577333.4700	Y=7559384.0200
точка	X=4577336.1600	Y=7559383.3100
точка	X=4577335.1600	Y=7559379.2900
точка	X=4577329.2900	Y=7559365.0100
Вк,Повр	145030.4501	
Перимет	2335.1805	

Границата на планскиот опфат е соодветно прикажана во графичките прилози.

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

За предметниот план изработени се Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Беловодица со разработка на блок 2, Општина Прилеп, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. Y01220, за кои е донесено и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 433/2020 од 30.03.2020 година.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1.РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

С. Беловодица е ридско планинско село на надморска висина од 790.00 - 850.00 мнв во општина Прилеп, која се наоѓа во источниот дел Пелагонискиот регион.

Селото Беловодица, КО Беловодица се наоѓаат источно од градот Прилеп. На исток од селото се наоѓат Мала и Голема скрка - каменести ридчиња покриени со смрека и други ситни грмушки. Понатаму зад тие ридчиња се протега Дренска планина. Од подножјето на оваа планина извираат многу поточиња од кои настанале: Дренска река, Уши и чешмата Средурид.Јужно од селото се Гарвански стени. На југоисток е с.Вапрчани, а на југ е селото Дуње од каде што започнува областа Мариово. Западниот дел од Беловодичкото поле,го заштитува Студеница и Биди маш кој е дел од Селечка планина. Низ селото поминуваат реките: Дренска река и Змерски поток кои надвор од планскиот опфат ја формираат Бела Река.

3.2.КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Во овој предел владее умерено-континентална клима, со просечна годишна температура од 11,1^{o}C, односно просечен годишен максимум 16,6^{o}C и годишен просечен минимум 6,1^{o}C. Годишната амплитуда изнесува 21,8^{o}C, додека разликата меѓу апсолутниот максимум (39,4^{o}C) и апсолутниот минимум (-22,4^{o}C) изнесува 61,8^{o}C. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2300,7 саати. Просечна релативна влажност на воздухот изнесува 68%, што е прилично блиску до оптималната (70%).

Врнежи: Во поглед на врнежите карактеристичен е медитеранскиот плувијален режим. Просечна годишна сума на атмосферскиот талог изнесува 551,5mm, со големи осцилации во поедини години (од 138mm до 712mm) и со нерамномерна распореденост во текот

на годината. Просечно годишно има 33 денови со снежна покривка, а 150 дена трае мразниот период.

Магла: Просечно годишно има 12 дена со магла, 93 ведри денови, 183 облачни и 89 тмурни.

Ветрови: Подрачјето се смета за добро проветрено, со најголема зачестеност на ветровите од североисточен правец од 258‰ и просечна брзина од 3,7m/s. Југозападниот ветер е со честина од 112‰, јужниот ветер е со честина од 55‰, западниот ветер е со честина од 38‰, северниот ветер е со честина од 37‰, источниот ветер е со честина од 32‰, северозападниот ветер е со честина од 17‰ и североисточниот ветер е со честина од 13‰.

3.3.ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Просторот што го зафаќа градот Прилеп и околината морфолошки припаѓа на преодната Шарска и Родопска зона. Планините кои го опкружуваат градот Прилеп и прилепското поле имаат различен состав. Релјефот на градот Прилеп и неговата околина најмногу е планински и претставува дел од Пелагонискиот масив.
Со раседнување во рамките на масивот се создале Пелагонија како котлина а околните планини како хорстови. Маркови Кули, Зеленик и Златоврв изградени се од гнајс – гранит и гранодиорит – адамелит. На највисоките делови од овие карпи постојат остатоци од гнајсеви, понекаде се јавуваат и жици од кремен и биотитни шкрилци.
Кристалест доломитен мермер се наоѓа на исток од планината Златоврв, а под доломитниот мермер лежат слоеви од гнајс. Селечка планина и Бабуна изградени се од гнајсеви. Бушова планина изградена е од метаморфисани шкрилци. На планината Даутица среќаваме метаморфисан варовник – мермер.
Прилепското поле во неоген претставувало големо езеро. Поради езерската фаза дното на полето е составено од слатководни творби и алувиум. Целата површина што се наоѓала под вода се формирале минерално – блатни почви од кои подоцна настанале смолниците. По ободот на границата на полето особено на местата каде што се развиле гнајсеви и гранито - гнајсеви се среќава на помали и поголеми партии грус.

3.4. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Врз основа на досегашните сеизмолошки истражувања и макросеизмичката реонизација на територијата на РМ, очекуваните максимални земјотреси од локални или далечински жаришта, во рамките на урбаното подрачје ќе се манифестираат со епицентрален интензитет до VII° според Меркалиевата скала.

3.5. ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Низ градот Прилеп течат Дабничка, Ореовечка и Селечка Река, тие ја сочинуваат градската река која подолу е лева притока на реката Блато која се влива во Црна Река кај селото Чепигово во непосредна близина на археолошкиот локалитет Стибера во Пелагониската рамница.
Селото Беловодица, Општина Прилеп, се наоѓа во ВП "Пелагонија", кое го опфаќа сливот на Црна Река - од изворштето до водомерниот профил "Скочивир".Сливот на горниот тек на Црна Река е богат со вода.
Богатството со вода на ова подрачје ја покажува и присуството на изворите. Во ВП "Пелагонија" регистрирани се вкупно 660 извори, од кои 4 се регистрирани како извори со значајна штедрост.
За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ВП "Пелагонија" изградени се акумулациите "Стрежево" на реката Шемница и "Прилепско Езеро" на Стара Река.

Основната намена на водите од овие акумулации е наводнување на обработливите површини во Пелагонија.
Во минатото Прилеп се снабдувал со вода за пиење од бунари и неколку јавни чешми. Денес градот Прилеп има изградено модерен водовод Студенчица, избушени се нови 10 бунари како резерва за летните месеци кога изворите имаат минимум на издашност.

Денес во најголем дел од градот се променети старите водоводни цевки со нови цевки. Во 2013 година започна изградбата на пречистителната станица во градот Прилеп, каде комплетно ќе се пречистува отпадната вода од Градската Река и чиставодата ќе се влива во Блато и Црна Река.

За тоа од каде се снабдува селото со вода ЈКП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА-ПРИЛЕП **нема податоци**, а село Беловодица, Општина Прилеп се снабдува со вода од сопствени бунари, оттаму потребно е да се планираат нови инсталации.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Анализата на постојната состојба покажува дека во предметниот локалитет доминира намената домување во станбени куќи.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Земјиштето на предметниот простор со површина од 14.50 ха е ангажиран во главно со земјиште наменето за домување во станбени куќи.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 2020 ГОД. УПС БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП		
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	38023.6m²	26.2%
В1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	3067.2m²	2.1%
В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	2810.7m²	1.9%
Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	92578.4m²	63.8%
Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА -РЕКА	7485.6m²	5.2%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	1061.1m²	0.7%
Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	4.0m²	0.0%
ВКУПНО	**145030.4m²**	**100.0%**

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

Согласно дописот од од Управата за заштита на културно наследство бр. 0301-197/1 од 20.05.2020., констатирано е дека во границите на опфатот постојат заштитени добра и добра за ои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и тоа археолошки локалитет „Грамадина" и црква Св. Никола.

Согласно дописот од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, со бр. 09-197/3 од 04.08.2020 год., по извршениот увид констатирано е дека во границите на планскиот опфат се наоѓа евидентирано културно добро, црква Св. Никола на КП 2521. При изработка на урбанистичкиот план, ќе бидат вградени границите на доброто и границите на контактната зона наведени во графичките прилози. За подрачјето на опфатот **не е потребно** изработување на заштитно конзерваторки основи.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Селото Беловодица се наоѓа на источниот дел од Пелагониската котлина, источно од градот Прилеп. Во рамките на локалитетот се забележани се земјени улици или патеки за пристап до парцели. Предметната локација се наоѓа на источно од Прилеп на 18,00 km, а пристапот е преку асфалтен и земјен пат.

Во с. Беловодица се пристигнува преку Магистралниот пат А3 Прилеп-Битола, клучката кај Ново лагово и Регионалниот пат Р1107 Прилеп - Витолиште од кој се одделува асфалтен пат. Во селото се влегува од запад од земјен пат.

Во рамките на опфатот, има земјени патишта и пристапни патеки до парцелите. Земјените патишта се надоврзуваат на други земјени локални патишта кои го поврзуваат селото Беловодица со околните села.

Сообраќајната мрежа треба да се дооформи согласно важечката документација и да се дооформи со секундарна улична мрежа.

Во рамките на планскиот опфат нема изведен водовод, фекална и атмосферска канализација, а воедно нема информации за положбата и профилите на цевките за С.Беловодица, согласно со дописот од ЈКП Водовод и Канализација - Прилеп од 01.06.2020 год.

Во рамките на планскиот опфат има постојна електрика односно надземни кабли со нисконапонски вод и средно напонски вод, и трафостаница согласно дописот од ЕВН бр. 10-1671/7-115 од 21-05-2020 год. Истите се внесени во графичките прилози.

Од електричната мрежа во локалитетот изведени се 0.4кВ и 10кВ водови за кој треба да се предвиди траса при планирање.

Согласно дописот од АЕК со бр. 1404-1746/2 од 04.06.2020год. нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.

Согласно дописот од Македонски Телеком од 08.06.2020 год. во границите н апланскиот опфат има постоечки телекомуникациски инсталации кои се прикажани во графичките прилози.

Планерот треба да предвиди коридори за поставување на нова кабелска комуникациска инфраструктура на МКТ и пристапни точки за поврзување на објекти во опфатот, од едната страна на улиците, во тротоар. Нивопланираните траси да се постават независно од постоење на линиска инфраструктура на бакарна мрежа на МКТ на дадени сегменти.

Низ селото поминуваат реките: Дренска река и Змерски поток кои надвор од планскиот опфат ја формираат Бела Река.

Во селото, според пописот од 2002 година, живеат 24 жители. Селото има воглавно сточарска и делумно полјоделска функција.

Со оглед на населеноста, опкружувањето, местоположбата и значењето на селото, потребна е изработка на нова урбанистичко-планска документација.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Просторот опфатен со овој урбанистички план е во рамките на градежниот реон на Општина Прилеп, КО Беловодица.

За планскиот опфат на Урбанистички план за село Беловодица со разработка на блок 2, Општина Прилеп нема изработено важечка урбанистичка планска документација.

Министерството за животна средина и просторно и планирање издава Решение за Услови за планирање на просторот со Арх. бр. УП1-15 433/2020 од 30.03.2020 година.

Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Беловодица со разработка на блок 2, Општина Прилеп, изработени од Агенцијата за планирање на просторот се со тех. бр. Y01220 ќе бидат основа за изработување на урбанистичкиот план.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Сообраќајно, локалитетот интерно не е додефиниран. Потребно е да се планира и квалитетна сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура, како и мерки за заштита од природни и други непогоди. Сообраќајното поврзување на планскиот опфат со поширокото опкружување се предвидува да биде преку постојните асфалтирани патишта кои водат до селото.

Водовите за снабдување со електрична енергија, вода, телефон, гасовод/топловод ќе се планираат подземно или надземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Покрај инфраструктурните водови потребно е да се предвиди и простор за инфраструктурните објекти односно за супраструктурата. Инфраструктурните градби ќе се вклопат во општиот амбиент. Во разработката на урбанистичко-планската документација ќе се предвиди подложување на соодветен третман на фекалните и атмосферските води пред тие да бидат испуштени во реципиентот.

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Урбанистички план за село.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со зададените со Планската програма, како и состојбата на терен и реалните потреби на Општината и крајните корисници.
- Да се планира сообраќајно решение во склад со позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на сообраќајот и урбанистичкото планирање, со кое ќе се обезбеди сообраќајна поврзаност на сите катастарски парцели.

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и жителите од предметниот плански опфат треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

При реализација и надградба на инфраструктурните мрежи потребно е почитување на синхронизација на истите со соодветната законска и нормативно - техничка регулатива при што треба да се добијат порационални ефекти и економски решенија.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 2020 ГОД. УПС БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП		
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	38023.6m²	26.2%
В1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	3067.2m²	2.1%
В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	2810.7m²	1.9%
Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	92578.4m²	63.8%
Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА -РЕКА	7485.6m²	5.2%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	1061.1m²	0.7%
Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	4.0m²	0.0%
ВКУПНО	**145030.4m²**	**100.0%**

УПС БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП			
Б1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	6761.1m²	28.6%
	В1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	3067.2m²	13.0%
	Н3- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	13447.1m²	56.9%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-ПАТ	343.6m²	1.5%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	4.0m²	0.0%
	ВКУПНО	**23623.5m²**	**100.0%**
Б2	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	5500.1m²	12.3%
	В5- ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	2810.7m²	6.3%
	Н3- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	34987.6m²	78.07%
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-РЕКА	1518.2m²	3.39%
	ВКУПНО	**44816.3m²**	**100.0%**
Б3	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	2804.7m²	29.0%
	Н3- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	6855.0m²	71.0%
	ВКУПНО	**9659.7m²**	**100.0%**
Б4	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	15965.2m²	31.87%
	Н3- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	31672.4m²	63.23%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-ПАТ	247.9m²	0.50%
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-РЕКА	2202.5m²	4.40%
	ВКУПНО	**50087.6m²**	**100.0%**
Б5	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	6992.5m²	41.5%
	Н3- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	5616.4m²	33.34%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-ПАТ	469.6m²	2.79%
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-РЕКА	3764.8m²	22.35%
	ВКУПНО	**16843.3m²**	**100.0%**
ВКУПНО ЦЕЛ ОПФАТ		**145030.4m²**	



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

R1303 РЕГИОНАЛЕН ПАТ КИЧЕВО - МАКЕДОНСКИ БРОД

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

50m

лиценца бр.0105

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП


ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
СИТУАЦИЈА СО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
дипл.инж.арх.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР 0.0413

СОРАБОТНИЦИ
АНГЕЛИНКА ПАРГОВСКА, маг. инж. арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл. инж. арх.
ИВАНА ЃОРГИЕВА, маг. инж. арх.
ЈОРДАН ПАНАЈОТОВ, маг. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

Тех.број 49/2020	ДАТА: Скопје 2021	ЛИСТ БРОЈ: 1



ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

лиценца бр.0105

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
дипл.инж.арх.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР 0.0413

СОРАБОТНИЦИ
АНГЕЛИНКА ПАРГОВСКА, маг. инж. арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл. инж. арх.
ИВАНА ЃОРГИЕВА, маг. инж. арх.
ЈОРДАН ПАНАЈОТОВ, маг. инж. арх.


УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

Размер 1:2500

Тех.број 49/2020

ДАТА: Скопје 2021

ЛИСТ БРОЈ: 1



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ГРАНИЦА ВОДА - БАРИЕРА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

КЛАСА НА НАМЕНА:

- A ДОМУВАЊЕ
  - A1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- B ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
  - B5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
  - H3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- E ИНФРАСТРУКТУРА
  - E1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
  - ПАТ
  - НЕУРЕДЕНА ЗОНА ОД УЛИЧНА МРЕЖА - ЗЕМЈА
  - ДРЕНСКА РЕКА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

50m

УПС БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП		
A1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	38023.6m²	26.2%
B1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	3067.2m²	2.1%
B5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	2810.7m²	1.9%
H3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	92578.4m²	63.8%
E1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА -РЕКА	7485.6m²	5.2%
E1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	1061.1m²	0.7%
E2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	4.0m²	0.0%
ВКУПНО	**145030.4m²**	**100.0%**

бр. на катастарска парцела	објект	површина на парцела m²	површина под објект m²	вкупна површина под објект m²	катност	развиена бруто површина m²	вкупна развиена бруто површина m²	процент на изграденост	коефициент на искористеност	вид на конструкција	класа на намена	состојба
2146	2.1	360.38m²	91.22m²	91.22m²	П	91.22m²	91.22m²	25%	0.25	МА	А1	Л
2188	2.2	535.60m²	127.93m²	255.85m²	СУ+П	255.85m²	255.85m²	48%	0.48	МА	А1	Л
2178	2.3	145.73m²	89.11m²	178.23m²	СУ+П	178.23m²	178.23m²	122%	1.22	МА	А1	Л
2179	2.4	187.99m²									РУШЕВИНА	
2180	2.5	209.40m²	120.52m²	120.52m²	П	120.52m²	120.52m²	58%	0.58	МА	А1	Л
2192	2.6	61.07m²	24.15m²	24.15m²	П	24.15m²	24.15m²	40%	0.40	МА	А1	Л
2203	2.7	154.66m²	101.61m²	203.23m²	СУ+П	203.23m²	203.23m²	131%	1.31	МА	А1	Л
2206	2.8	718.29m²	185.00m²	369.99m²	СУ+П	369.99m²	369.99m²	52%	0.52	МА	А1	Л
2529	2.9	346.04m²									РУШЕВИНА	
2530/1	2.10	611.81m²									РУШЕВИНА	
2528	2.11	83.38m²	53.61m²	53.61m²	П	53.61m²	53.61m²	64%	0.64	МА	А1	Л
2527/1	2.12	157.95m²	121.44m²	121.44m²	П	121.44m²	121.44m²	77%	0.77	МА	А1	Л
2522/1	2.13	87.10m²	87.10m²	87.10m²	П	87.10m²	87.10m²	100%	1.00	МА	А1	Л
2522/1	2.14	2810.69m²	136.87m²	136.87m²	П	136.87m²	136.87m²	5%	0.05	МА	В5	С
2520	2.15	202.56m²									РУШЕВИНА	
2518	2.16	202.56m²									РУШЕВИНА	
2512	2.17	202.56m²									РУШЕВИНА	
2506/1	2.18	202.56m²									РУШЕВИНА	
2502	2.19	202.56m²									РУШЕВИНА	
2501	2.20	202.56m²									РУШЕВИНА	
СООБРАЌАЈ		625.07m²										
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		34987.57m²										
РЕКИ		1518.23m²										
ВКУПНО БЛОК 2		**44816.35m²**	**1138.56m²**	**1642.21m²**		**1642.21m²**	**1642.21m²**	**4%**	**0.04**			

лиценца бр.0105
ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
дипл.инж.арх.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР 0.0413

СОРАБОТНИЦИ
АНГЕЛИНКА ПАРГОВСКА, маг. инж. арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл. инж. арх.
ИВАНА ЃОРГИЕВА, маг. инж. арх.
ЈОРДАН ПАНАЈОТОВ, маг. инж. арх.


УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

Размер 1:2500

Тех.број 49/2020

ДАТА: Скопје 2021

ЛИСТ БРОЈ: 2



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2
ОПШТИНА ПРИЛЕП

лиценца бр.0105
ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
дипл.инж.арх.
ОВЛАСТУВАЊЕ БР 0.0413

СОРАБОТНИЦИ
АНГЕЛИНКА ПАРГОВСКА, маг. инж. арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл. инж. арх.
ИВАНА ЃОРГИЕВА, маг. инж. арх.
ЈОРДАН ПАНАЈОТОВ, маг. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

Размер 1:2500

Тех.број 49/2020

ДАТА: Скопје 2021

ЛИСТ БРОЈ: 4

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА, КО БЕЛОВОДИЦА, ОПШТИНА ПРИЛЕП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y01220

Скопје, февруари 2020

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА, КО БЕЛОВОДИЦА, ОПШТИНА ПРИЛЕП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Прилеп

Тех.бр. Y01220

Раководител на задачата:
м-р Анита Кочан, дипл.соц.раб.

Координатор:
д-р Христина Оџаклиеска
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, дипл.инж.арх.

Агенција за планирање на просторот

в.д. Директор

Огнен Апостолски, д.и.а.

Скопје, февруари 2020

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛОВОДИЦА, КО БЕЛОВОДИЦА, ОПШТИНА ПРИЛЕП

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички план за село Беловодица, КО Беловодица, Општина Прилеп**. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 14,62 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Прилеп, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Република Македонија.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите.

Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

